Во членот 16 од Директивата 2004/25/ЕЗ се предвидени одредби според кои државите членки осигуруваат дека имателите на преостанатите хартии од вредност може да побараат од преземачот да им ги откупи нивните хартии од вредност по фер цена и под истите услови наведени во член 15 став 2 од Директивата. Оваа одредба од Директивата е имплементирана во членот 64 од Законот за преземање на акционерските друштва кој предвидува доколку понудувачот во постапката за преземање се стекнал со најмалку 95% од акциите со право на глас, на друштвото на кое се однесува понудата за преземање, тој има обврска да ги купи и акциите на останатите акционери што не ја прифатиле понудата за преземање, доколку овие акционери поднесат барање за принудно купување до Централниот депозитар за хартии од вредност. Иако ваквата одредба уредува реципрочни права на малцинските акционери за откуп на нивните акции, со Иницијативата подносителот иницира оценка на уставноста само на правата и обврските од првиот случај, уредени со членот 63 од Законот.

Според Извештајот за скрининг на Поглавјето – 6 Право на трговските друштва, подготвен од Европската комисија на Европската Унија, Законот за преземање на акционерските друштва има висок степен на усогласеност со Директивата на Европската Унија 2004/25 од 21 април 2004 година, за преземање на акционерските друштва, така што во членот 63 од Законот во целост е транспониран членот 15 од оваа директива на Европската Унија. Оттука, евентуално поништување или укинување на членот 63 од Законот за преземање на акционерските друштва, ќе предизвика негативни ефекти и уназадување на процесот на усогласување на законодавството на Република Северна Македонија со законодавството на Европската Унија.

Во врска со наводите во Иницијативата, треба да се има предвид следното:

Согласно Законот за трговските друштва, акционерско друштво е трговско друштво во кое акционерите учествуваат со влогови во основната главнина, којашто е поделена на акции. Од одредбите од овој закон со којшто се уредува акционерското друштво, може да се отстапува на начин и според условите пропишани со овој закон и со други закони (член 270).

„Акцијата“ е хартија од вредност (којашто може да ја издаваат акционерското друштво и командитното друштво со акции) во којашто е претставен дел од основната главнина и во која се отелотворуваат правата на акционерот кој, како сопственик на акцијата, не е доверител на друштвото ниту сопственик на еден дел од имотот на друштвото.

„Влог во друштвото“ се пари, ствари, права кои содружникот, односно акционерот му ги отстапува и пренесува на трговското друштво во постапка на основање или во постапка на зголемување на основната главнина на друштвото, односно труд и услуги кога тоа со овој закон е допуштено.

Во делот V од Законот за трговските друштва во кој се уредени „Правни односи меѓу друштвото и акционерите“ е определено дека акционерите под еднакви услови имаат еднаква положба во друштвото; акционерот е должен да го плати износот на акцијата; друштвото ќе ги продаде акциите што му ги одзело на „исклучениот“ акционер (кој не ги платил акциите) и исклучениот акционер има обврска да плати и договорна казна ако е утврдена во јавниот повик, а не се исклучува и одговорноста на исклучениот акционер за причинетата штета на друштвото поради пропуштањето на уплатата; акционерите имаат право на учество во добивката, освен ако според одлука на собранието за употреба на добивката донесена врз основа на закон или статут, добивката е изоставена од распределбата меѓу акционерите, а учеството на акционерите во добивката се определува според родот и класа на акциите; друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп, самото или преку лице кое дејствува во свое име, а за сметка на друштвото, а кога друштвото стекнува сопствени акции пропорционално од сите акционери донесува одлука за тоа и упатува јавен повик со понуда до сите свои акционери и според членот 335 став 7 од Законот за трговските друштва стекнување на сопствени акции

на друштвото се врши и по сила на законска обврска или врз основа на одлука на суд.

Согласно членот 532 од Законот за трговските друштва, ако најмалку 90% од уделите, односно акциите во коишто е претставена главнината на друштвото коешто се присоединува или што се дели ги држи друштвото коешто презема, не е потребна согласност на содружниците, собирот и собранието на друштвото коешто презема.

Согласно членот 535 од овој закон, на содружник, односно акционер кој се изјаснил дека не сака за неговиот удел, односно акции да преземе удел, односно акции во друштвото што се презема, друштвото е должно да му го откупи уделот, односно акциите според цена утврдена во одлуката за присоединување, спојување, односно поделба.

Законот за преземање на акционерските друштва, во членот 1 уредува дека со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за преземање на акционерските друштва, од страна на физичко или правно лице кое само или заедно со лицата со кои дејствува заеднички, стекне 25% или повеќе од хартиите од вредност со право на глас (во натамошниот текст: контролен праг за преземање) издадени од определено акционерско друштво, вклучувајќи ги и акциите кои претходно ги поседувало, за што задолжително дава понуда за преземање на преостанатите хартии од вредност, под услови и на начин утврдени со овој закон.

Според членовите 38 и 39 од Законот за преземање на акционерските друштва, понудата за откуп се прифаќа со писмена изјава на имателите на хартии од вредност и се смета за прифатена со денот на резервирањето на хартиите од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност, при што не може повеќе да се располага со нив.

Комисијата за хартии од вредност, согласно член 49 од Законот за преземање на акционерските друштва донесува решение за успешност на откупот. Со одредбите од Законот подробно е уредена постапката, начинот и условите за откупот на хартии од вредност од акционерските друштва.

Со членовите 63 и 64 од Законот за преземање на акционерските друштва, од кои со Иницијативата е оспорен само членот 63 и покрај тоа што со двете одредби Законот уредил реципрочни права на субјектите во откупот кој е предмет на уредување со Законот. Имено, со ставот 1 од членот 63 од Законот, е утврдено право, а со останатите одредби од овој член од Законот е детално регулирано остварувањето на тоа право, според кое доколку понудувачот во постапката за преземање откупи најмалку 95% од акциите со право на глас на друштвото на кое се однесува понудата за откуп, тој има право да ги купи и акциите на останатите акционери што не ја прифатиле понудата за откуп. Ова дополнително купување се врши под условите определени во понудата за преземање, односно во последната променета понуда за преземање.

За остварување на наведеното право, понудувачот доставува барање за реализација на принудна продажба на акциите на акционерите кои не ја прифатиле понудата во рок не подолг од 90 дена од денот на објавувањето на решението на Комисијата за успешност на понудата за откуп објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија". Барањето на понудувачот, исто така, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", и најмалку во еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија. Како начин на плаќање за откупот понудувачот е должен да понуди плаќање и во готови пари, како една од алтернативите за плаќање на акциите со што се обезбедува износот и начинот на плаќањето да биде фер понуда.

Имајќи ги предвид изнесените уставни и законски одредби на оспорениот член 63 од Законот, се смета дека оспорените одредби не се во спротивност со Уставот, поради тоа што:

Сопственик на право на управување и располагање со имотот со кој работи акционерското друштво е само друштвото. Акционерите се сопственици единствено на акциите. Тие единствено можат да ги продадат акциите коишто ги поседуваат и на тој начин да стекнат ликвиден имот, кој можат директно да го управуваат или користат. Акционерите немаат никакви други материјални права врз кој и да е дел од имотот на акционерското друштво. Акциите се финансиска хартија од вредност која на иметелот му дава сопственички права во одредена компанија, но тие права се во рамки кои се движат меѓу нивната волја, управните структури на корпорацијата, односно друштвото и законите. Имено, никој не ги присилува лицата да бидат акционери и да подлежат на односите кои се уредени со закон за оваа материја, но доколку се носители на акции тие треба да го прилагодат своето управување и располагање со акциите на начин и под услови кои се законски детерминирани и кои се однесуваат за сите во исти услови.

Акциите, како и другите хартии од вредност се институти комплексно уредени со повеќе закони и други прописи од финансиската сфера и не може изолирано надвор од тие односи да се разгледува прашањето на акциите како право на сопственост кое било уставно гарантирано и неприкосновено, имајќи предвид дека акцијата дава само права определени со закон.

Правото на принудна продажба и правото на принудно купување, почитувајќи го принципот на пропорционалност, се во насока балансирање на интересите на мнозинскиот и на малцинските акционери, од кои корист би имал доминантниот акционер од една страна и преостанатите малцински акционери од друга страна.

Отсуството на правото на принудна продажба им дава диспропорционална моќ на малцинските акционери.

Со оглед на тоа што и Законот за трговските друштва предвидува бројни важни одлуки акционерите да ги носат со квалификувано мнозинство, а исто така правните лекови за заштита на малцинските акционери предвидени во домашната правна рамка се солидни, сепак треба да се има предвид дека големината на контролниот пакет има одредено влијание врз моќта на мнозинскиот акционер.

Во однос на дополнителниот откуп на акции од малцинските акционери се гарантира фер цена, која треба да биде еднаква на онаа која е понудена во понудата за преземање или онаа цена која им е платена во готово на акционерите.

Правото на принудна продажба како право на мнозинскиот акционер за принуден откуп на акции и правото на малцинските акционери за принудна продажба на своите акции, истовремено создаваат обврска за принудна продажба, односно обврска за принудно купување на акции, а често и спротивно на својата волја, поради што во законодавствата на земјите во кои се регулирани често пати се предмет на анализа за нивната уставност (и од аспект на усогласеност со Европската конвенција за заштита на човековите права), како и на конкретна оцена на нивната законитост со оспорување пред надлежни судски органи во конкретни предмети.

Дебатата за валидноста на правото на принудна продажба на малцинските акционери, од уставно правна призма е решена во земји во регионот, со заклучок дека правото на принуден откуп на акциите на малцинските акционери не претставува повреда на правото на сопственост, се додека интересите на мнозинскиот и на малцинските акционери се разумно избалансирани, истиснатите акционери добиваат соодветен фер надоместок за нивните акции и им се обезбедува ефективна правна заштита.

Покрај уставно судската пракса за одбележување е и третманот на правото на принудна продажба т.е. принуден откуп од аспект на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/97, 30/04, 30/05, 41/10 и 45/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 66/23).

Со Протоколот број 1 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи од 20 март 1952 година во член 1 се регулира заштита на сопственоста на начин што се предвидува дека секое физичко или правно лице има право на мирно уживање на својот имот. Никој не може да биде лишен од својот имот, освен во јавен интерес и под услови предвидени со закон и со општите принципи на меѓународното право. Претходните одредби не навлегуваат во правото на државите да донесуваат закони кои ги сметаат за неопходни за регулирање на користењето на имотот согласно општиот интерес или заради сигурно плаќање на данокот, другите придонеси и парични казни.

За правилно да се разбере членот 1 од Протоколот број 1, кој го гарантира правото на заштита на сопственоста, треба да се има предвид дека тој содржи три засебни правила кои се меѓусебно поврзани. Првото правило е од општ карактер и го изразува принципот на мирно уживање во сопственоста. Второто правило го

покрива лишувањето од владение и го прави предмет на одредени услови, додека пак, третото правило препознава дека државите потписнички имаат право, меѓу другото, да ја контролираат употребата на сопственоста во согласност со општиот интерес.

И секако, секогаш предвид треба да се има ставот заземен од Европскиот суд за човекови права при примената на овој член од Конвенцијата, според кој законите за приватните односи меѓу поединците вклучуваат правила кои ги определуваат правните односи поврзани со имотот (сопственоста) и, во некои случаи, принудуваат поединецот да му предаде имот на друго лице, како правила кои се неопходни во едно демократско општество, во принцип не може да противречи на член 1 од Првиот протокол, под услов, со регулирање на правните односи меѓу поединците на имотот, одреден закон да не создава нееднаквост според која на едно лице би било произволно и неправедно лишено од имот во корист на друго лице.

Од погоре изнесеното произлегува дека со членот 63 од Законот за преземање на акционерските друштва кој се однесува на присилна продажба на хартиите од вредност, не се повредени одредбите од Уставот, туку напротив станува збор за регулирање на овие прашања што подеднакво се однесуваат на сите економии во слободното пазарно стопанство и претприемништво. Поради тоа, во овој случај не може да стане збор за повреда на членот 8 став 1 алинеи 6 и 7 и член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, односно на начелото за правна заштита на сопственоста и слободата на пазарот и претприемништвото или за ограничување на правото на сопственост, бидејќи акционерите кои ја одбиле понудата за преземање, како што имаат обврска на барање на мнозинскиот акционер кој стекнал најмалку 95% од акциите со право на глас да му ги продадат своите акции, истите имаат право во зададениот рок да бараат од мнозинскиот акционер принудно да им ги откупи акциите иако претходно ја одбиле понудата за преземање, со што се задоволува нивното право да се предомислат и да побараат принуден откуп од страна на мнозинскиот акционер.

Истовремено, се смета дека треба да се има предвид и Решението бр. 220/2008-0-0, донесено од Уставниот суд на 10.6.2009 година, со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 50-а од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.4/02, 37/02 и 36/07).

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за оценување на уставноста на одредбите од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.69/13, 188/13, 166/14, 154/15, 23/16 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) како неоснована, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 82

1. Владата од должноста член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје го отповика Александар Каракачанов, на негово барање.

1.1.Владата за член на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје го избра Сеат Исмаили.

2. Владата го разреши Иван Живковски од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за катастар на недвижности.

3. Владата го избра Иван Живковски за директор на Агенцијата за катастар на недвижности и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата на Бесник Ферати, заменик на директорот на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија му утврди престанок на функцијата поради истек на мандатот од четири години.

5. Владата донесе Решение за формирање на Комисија за селекција по објавен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" - Кичево, со кое за претседател, заменик-претседател, членови и заменици на членовите во Комисијата за селекција по објавен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" – Кичево, се именуваат:

за претседател
- Благоја Ташаминов

за заменик-претседател
- Анета Стојановска

од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија
- Марија Апостолова Николовска за член,
- Дејан Герасимовски, за заменик-член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата
- Надица Апостоловска, за член
- Македонка Тимова, за заменик-член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- Шиќири Коруми, за член,
- Љупчо Камчев, за заменик-член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево
- Бранкица Ваневска, за член
- Јагода Цветаноска, за заменик-член.

6. Владата го одби како неосновано Барањето бр.14-12021/1 од 25.11.2024 година, поднесено од Науаф Баара, разрешен од должноста директор на Геолошкиот завод на Република Северна Македонија, за остварување на право на плата по престанок на функцијата.

7. Владата од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски“, Велес, ја разреши Снежа Стојановска, поради постоење на состојба на судир на интереси.

7.1.Владата за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски“, Велес, ја именува Селма Амедоска.

8. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 7 (седум) члена на Управниот одбор и 3 (три) члена на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево.

9. Владата заклучи да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на директор на Државниот завод за статистика.

<u>Точка 83</u>

1. Владата го разгледа Барањето за измена на заклучоци од Нацрт-записникот од Триесет и првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година, го прифати и заклучи точките 1 и 2 да се изменат и да гласат:

„1. Се задолжуваат Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за јавна администрација, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за енергетика, рударство и минерални

суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Агенцијата за управување со одземен имот, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за финансии - Царинска управа, Фондот за иновации и технолошки развој, а се укажува на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија предвидените активности да ги реализираат во рамки на утврдените максимални износи на расходи за соодветната фискална година.

2. Се задолжуваат Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за јавна администрација, Министерството за економија и труд, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за образование и наука, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Агенцијата за управување со одземен имот, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Министерството за финансии - Биро за јавни набавки, Министерството за финансии - Царинска управа, Фондот за иновации и технолошки развој, а се укажува на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија да направат анализа на потребите од ангажирање првенствено преку внатрешна прераспределба, а во крајна линија нови вработувања (со профили и компетенции, врз основа на претходно спроведена функционална анализа и обем на работа) за спроведување на Инструментот за реформи и раст, најдоцна до крајот на декември 2024 година и за истото да ја информираат Владата.".

**2.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за дигитална трансформација за изменување на Заклучокот бр.1 по точка 26, по Информацијата за испорака на предлог минимум сајбер безбедносни стандарди за владините институции, како дел од проектот „Регионална сајбер безбедност во Западен Балкан", финансиран од Владата на Обединетото Кралство, од Нацрт–записникот од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 ноември 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за дигитална трансформација и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, до Министерството за дигитална трансформација да достават номинација на член и заменик-член на работната група за тестирање на сајбер безбедносните стандарди во институциите.".

**3.** Владата, по повод Извештајот од Комисијата за економски систем и тековна економска политика по точка 70: „Прашања и предлози", го задолжи Министерството за јавна администрација да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за инспекциски надзор, во најбрз можен рок.

**4.** Владата ги одложи од разгледување Предлог-заклучоците во врска со дополнувања на законите од својата надлежност, кои предвидуваат услови за избор/именување на директори, заменици-директори и други јавни функции во државни институции, кои ги избира/именува Владата, со дополнување на посебните услови, за наредната седница на Владата.

**5.** Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучокот по точка 111 Прашања и предлози „Информација за потребата од пристапување кон оценка на медиумското влијание и содржините кои произлегуваат од нивната работа", од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 ноември 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

- Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во планот за јавни набавки за 2025 година да ја планира и постапката за набавка на софтвер за оцена на медиумското влијание и конверзија на говор во текст на македонски јазик со „on premise deployment" и да ја спроведе во текот на 2025 година.

<u>Точка 84</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со проектот „Воспоставување на анализа на ризик и царински податочен склад за Царинската управа на Република Северна Македонија", финансиран од страна на Владата на Република Кореја, како материјал за информирање.

<u>Точка 85</u>

Владата, на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за заклучоците и препораките од Третиот состанок на ИПА III Секторскиот комитет за следење за демократија и владеење (со фокус на реформа на јавна администрација (РЈА) и управување со јавни финансии (УЈФ)), одржан на 29 октомври 2024 година, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за јавна администрација.

<u>Точка 86</u>

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на информациите за Единаесеттиот и Дванаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, одржани на 23.9.2021 година и 9.3.2023 година и Информацијата за подготовка на Тринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 17 декември 2024 година во Скопје и хибридно, со прилози, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии, Министерството за јавна администрација и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 87

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и трета одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 88

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и прва одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 89

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и втора одлука) и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 90

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата од бришење на заклучоците под реден број еден и два, од точка 8 (Прашања и предлози) од Првата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2024 година.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за давање на овластување на министерот за здравство, за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија и на директорите, односно в.д директорите на јавните здравствени установи за потпишување на анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори, со текст на анекси и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти министерот за здравство да го потпише Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија со кој се врши зголемување на платите на вработените во јавните установи во здравството.

2. Ги овласти директорите, односно вршителите на должност директори на јавните здравствени установи да ги потпишат поединечните колективни договори со кои се врши зголемување на платите на вработените во јавните установи во здравството.

## Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Унгарија и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Унгарија и Владата на Република Северна Македонија.

2. Се овластува м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, да го потпише усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за економска соработка помеѓу Владата на Унгарија и Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата во врска со состанокот на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се определуваат амбасадорот Зулфи Исмили, шеф на  Мисијата и Влатко Станковски, заменик-шеф на Мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел на состанокот на Заедничкиот комитет, што ќе се одржи во Брисел  на 12 декември 2024 година, позитивно да гласа за усвојување на Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката бр. 1/2023 на Заедничкиот комитет со цел да се вклучат преодни одредби на измените на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло кои се применуваат од 1 јануари 2025 година како и Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката 1/2023 на Заедничкиот комитет во однос на употребата на уверенија за движење издадени по електронски пат во рамките на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло што се применуваат од 1 јануари 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за економија и труд најдоцна пет дена по усвојувањето на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката бр. 1/2023 на Заедничкиот комитет со цел да се вклучат преодни одредби на измените на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката 1/2023 на Заедничкиот комитет во однос на употребата на уверенија за движење издадени по електронски пат во рамките на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло, да подготват Одлука за предвремена примена на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката бр. 1/2023 на Заедничкиот комитет со цел да се вклучат преодни одредби на измените на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални

правила за потекло и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката 1/2023 на Заедничкиот комитет во однос на употребата на уверенија за движење издадени по електронски пат во рамките на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло.

**Точка 94**

Владата го разгледа Предлогот на закон за минимален глобален данок на добивка (*), го утврди како Предлог на закон за минимален глобален данок на добивка (*) кој се донесува по скратена постапка и заклучи:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство, најдоцна до 5 декември 2024 година.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за минимален глобален данок на добивка (*), по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

**Точка 95**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 96**

Владата го разгледа Предлогот на одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да изврши зголемување на средства кај одредени буџетски корисници за сервисирање на приоритетни обврски до крај на годината и да изврши намалување на средства од буџетски корисници со послаба динамика на реализција.

2. Пречистениот текст на Предлогот на одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, согласно член 204 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и

проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

**<u>Точка 97</u>**

Владата го разгледа Дополнетиот Предлог на буџет на Република Северна Македонија за 2025 година и го утврди со следниве заклучоци:

1. Да се зголемат средствата во Министерството за односи меѓу заедниците во износ од 10.000.000 денари за невладини организации.

2. Да се зголемат средствата во Министерството за јавна администрација во износ од 4.500.000 денари за реализирање на договор за јавна набавка.

3. Се задолжува Министерството за финансии да пренамени средства во износ од 6.921.000 денари во буџетот на Министерството за дигитална трансформација, за веб-страници.

4. Пречистениот текст на Дополнетиот Предлог на буџет на Република Северна Македонија за 2025 година да се достави до Собранието, согласно член 193 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Аница Иваноска Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии.

Истовремено, министерот за финансии, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, ги информираше членовите на Владата за прифатените амандмани од Собранието на Република Северна Македонија и тоа:

1. Во буџетскиот корисник - Собрание на Република Северна Македонија се врши реалокација на средства во рамките на истиот буџетски корисник, во износ од 1.090.000 денари во потпрограма 28 - Програма за поддршка на парламентот, за привремени вработувања (донаторска сметка).

2. Зголемување на средствата во Министерството за животна средина и просторно планирање во износ од 100.000.000 денари за пречистителна канализациона мрежа за Кичево.

3. Зголемување на средствата во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија до ниво ребаланс и дополнителни средства во износ од 14.632.000 денари за членарини за УНДП и дополнителни 60.000.000 денари за лобисти (економски промотори).

4. Зголемување на средствата во Финансирање на дејностите во областа на културата во износ од 25.000.000 денари за НУ Универзитетска библиотека Климент Охридски - Скопје и 13.000.000 денари за меѓународна соработка ЕКСПО за меѓународно претставување во Јапонија.

5. Зголемување на средствата во Министерството за транспорт во износ од 130.000.000 денари за подземен паркинг, плоштад Скендербег, фаза 3, Општина Чаир.

6. Зголемување на средствата во Управата за хидрометеоролошки работи во износ од 2.000.000 денари за реновирање на лабораторија за којашто е обезбедена опрема од донација.

7. Зголемување на средствата во Јавното обвинителство во износ од 10.000.000 денари за упатување на лице во Хаг.

8. Зголемување на средствата во Министерството за здравство во износ од 180.000.000 денари за реконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија и дополнителни средства во износ од 100.000.000 денари за опрема за јавните здравствени установи.

9. Зголемување на средствата во Агенцијата за разузнавање во износ од 12.000.000 денари за плати и оперативни активности.

10. Зголемување на средствата во Министерството за образование и наука во износ од 13.530.000 денари за членарини за Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје и 150.000.000 денари за Универзитетот Мајка Тереза.

11. Во Министерството за култура се врши реалокација на средства во износ од 9.069.000 денари за исплата на плати.

12. Од Министерството за финансии- Функции на држава, потпрограма АА - Инфраструктурни проекти во општините се прераспределуваат средства во:

- Министерство за животна средина и просторно планирање во износ од 300 милиони денари
- Финансирање на дејностите во областа на културата во износ од 100 милиони денари

• Министерство за транспорт во износ од 1,4 милијарди денари
• Министерство за социјална политика, демографија и млади во износ од 120 милиони денари
• Министерство за образование и наука во износ од 150 милиони денари
• Министерство за спорт во износ од 100 милиони денари.

13. Зголемување на средствата во Министерството за финансии - Функции на држава во износ од 250 милиони евра одлив кон финансиски институции (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје).

Истовремено, соодветни измени се вршат и во Билансот на приходи на Буџетот на Република Северна Македонија се до нивото на балансирање со Билансот на расходи на Буџетот на Република Северна Македонија.

14. Во Министерството за дигитална трансформција средствата во износ од 157 милиони денари за државни кампањи да се обезбедат со внатрешна прераспределба.

15. Во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија се предлага да се регулираат одредби за користење на средства за Општина Чаир, одлив на средства кон финансиски институции (Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје) и гаранции.

16. Зголемување на средствата во Министерството за економија и труд во износ од 3.572.000.000 денари за исплата на надоместок на плата за времено отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, а намалување за истиот износ во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**<u>Точка 98</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети го утврди како Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети кој се донесува по скратена постапка и заклучи:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџети, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**